Друштво за медицинско снабдување
увоз - извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-483/1
22.02 2017
СКОПЈЕ

Врз основа на чл.480 ст.3 од законот за трговски друштва, Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје до Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје поднесува

# И З В Е Ш Т А Ј
## за работата од Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје
## за 2016 година

Согласно законската регулатива и општите акти на друштвото Надзорниот одбор има овластување да врши надзор врз управувањето со Друштвото кое го врши Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, а со цел да ги запознае акционерите на друштвото со своите активности го поднесува овој извештај.

Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје во полн состав на состанокот одржан на 17.02.2017 година, а согласно своите надлежности ја разгледа Годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2016 година, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Друштвото изготвен од Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, со предлог одлуката на Управниот одбор за усвојување на годишната сметка, предлог одлуката за распределба на добивката по годишната сметка,извештајот за извршената ревизија на годишната сметка на Друштвото за 2016 година од овластениот ревизор МУР СТИВЕНС ДОО- Скопје, при што констатира дека:

- Годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2016 година изготвена е согласно прописите на Република Македонија и Меѓународните сметководствени стандарди, што е потврдено и од Ревизорската куќа од МУР СТИВЕНС ДОО-Скопје.

Поради тоа Надзорниот одбор му предлага на Собранието да ја усвои годишната сметка на РЕПЛЕК АД за 2016 година со предложената распределба на добивката.

Во деловната 2016 година, Надзорниот одбор вршејќи ја својата контролна функција ја имаше потребната соработка со Управниот одбор и Службата за внатрешна ревизија на Друштвото, при што изврши проверка и увид во документацијата на Друштвото и констатира дека работењето на друштвото е во рамки на законските прописи и согласно актите на друштвото.

Надзорниот одбор и во 2016 година во континуитет го следеше работењето на Управниот одбор на друштвото, како и работењето на самото друштво и друштвата во негова доминантна сопственост. Преку одржаните **(6)** седници Надзорниот одбор ја разгледуваше и даде одобрување на Одлуката на Управниот одбор за докапитализација - зголемување на основниот влог во РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје во износ од 6.000.000,00 денари -паричен влог , ги разгледуваше Годишниот и Полугодишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија во Друштвото и притоа констатира дека Службата во 2016 година не утврдила никакви неправилности во работењето на секторите и службите на друштвото, по што едногласно ги одобри Извештаите за нејзината работа. Надзорниот одбор исто така ги разгледуваше и предлог - одлуките од Управниот одбор за остварените резултати по годишна сметка, распределба на добивка по годишна сметка, извештај за извршена ревизија на годишна сметка од овластен ревизор за 2015 година. Членовите на Надзорниот одбор дадоа одобрение и согласност на Одлуката на Управниот одбор за кредитно задолжување на РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ при Шпаркасе банка Македонија АД Скопје во износ од 55.000.000,00 денари, како и одобрение на одлуката РЕПЛЕК АД Скопје да се јави во својство на авалист (гарант-платец) за обврските на РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје од кредитното задолжување. Од страна на Надзорниот одбор е дадено

претходно одобрение Управниот одбор да донесе Одлука за промена на содружник и пренос на удел, промена на назив и краток назив на Друштвото РЕПЛЕК И ХУБО ДОО Скопје ( извршена е статусна промена на Друштвото од РЕПЛЕК И ХУБО ДОО во РЕПЛЕК И ХУБО ДООЕЛ). Надзорниот одбор даде и одобрение на Управниот одбор за склучување на Договор за пренос на удел помеѓу РЕПЛЕК АД Скопје и НВ ТЕВЕКА од Белгија, содружници на РЕПЛЕК И ХУБО ДОО Скопје.

Надзорниот одбор оцени дека во деловната 2016 година и покрај тешките услови поради економско-финансиската криза, како и неликвидноста на јавното здравство, друштвото работело успешно и постигнати се позитивни финансиски резултати.

Оценувајки ја работата на Претседателот и членовите на Управниот одбор во текот на 2016 година, Надзорниот одбор утврди дека работните задачи ги извршиле во целост согласно позитивните законски прописи и Статутот на друштвото, а со цел остварување и заштита на интересите на друштвото, неговите акционери и вработени.

Надзорниот одбор очекува и оваа 2017 година, Управниот одбор да продолжи со успешна работа и да превзема адекватни мерки за успешно работење на друштвото.

Скопје,       .2017 година

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател,
Бисерка Поповска

_______________

Адела Николовска - член

_______________

Томовски Александар - член

_______________

Анастазија Јоксимовиќ -Независен член

_______________